# З А П И С Н И К
**од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 7.2.2019 година**

**Скопје, февруари 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 7.2.2019 година**

Седницата започна во 20:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.
На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.
На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи, Насер Ајдари, државен правобранител на Република Македонија и Сања Лукаревска, директорка на Управата за јавни приходи

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер

за надворешни работи, Асаф Адеми, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за судскиот предмет 19П4-939/18 и можноста за спогодбено решавање и исплата на надомест на штета на лица поради неоправдана осуда доставена од Државното правобранителство на Република Македонија, со Предлог-спогодба

**б) Економски систем и тековна економска политика**

2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања

3. Предлог-закон за вршење на сметководствени работи

4. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија

5. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

6. Информација за реализација на I фаза - водоснабдување од проектот Јавно претпријатие Хидро систем „Злетовица“ за општините Штип, Свети Николе, Карбинци и Лозово

7. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4-времено сместување КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

8. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агроцентар два ДООЕЛ Кочани, со Предлог-одлука

9. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Раде Орданов ул.„Киро Спанџов“ бр. 25 Кавадарци, со Предлог-одлука

10. Информација за Предлог-модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Македонија, со Предлог-одлука

11. Информација со Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR)

**в) Политички систем**

12. Предлог-закон за класифицирани информации

13. Нотарска тарифа за изменување на Нотарската тарифа, со Предлог-одлука

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

14. Предлог-програма за обезбедување на средства за уредување и одржување на гробишта и гробови на паднати борци во Антифашистичката војна и другите национално ослободителни војни на Македонија погребани на територијата на Република Македонија за 2019 година

15. Информација за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2019 година, со Предлог-одлука

16. Информација за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог-решение

17. Информација за давање согласност за покачување на платите на вработените на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

18. Информација за склучување на Анекс на посебен колективен договор заради зголемување на платата на дел од вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, со текст на Анекс и Предлог-одлука

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) Економски систем и тековна економска политика

19. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година

20. Предлог-одлука за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата за продадено винско грозје

21. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Крушево

22. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Галабовец-Нови Присад", Општина Прилеп на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје

23. Предлог-одлука за давање на согласност за пренос на акции во Трговското друштво за производство и истражување Ларин мрамор компани експорт-импорт АД Скопје

24. Предлог-одлука за давање на согласност за пренос на удел во Друштвото за откопување, преработка и трговија со мермери Белмар ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

### б) Политички систем

25. Предлог-одлука за продолжување на мандатот на генералниот конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Чикаго

### в) Човечки ресурси и одржлив развој

26. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Доне Божинов" - Пробиштип

27. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

28. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Факултетот за исламски науки - Скопје

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

29. Барање за давање на автентично толкување на член 10 став 2 точка 2) алинеја 3 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“, бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 129/2015, 198/2018 и 248/2018), поднесено од пратеникот Александар Кирацовски

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

**д) Други предлози**

30. Кадровски прашања

31. Прашања и предлози

В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

32. Информација за располагање со недвижниот имот од „Шик Јелак“ АД Тетово во стечај, со Предлог-одлука

33. Информација за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), со Предлог-одлука и Физибилити студија

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за судскиот предмет 19П4-939/18 и можноста за спогодбено решавање и исплата на надомест на штета на лица поради неоправдана осуда доставена од Државното правобранителство на Република Македонија, со Предлог-спогодба и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за судскиот предмет 19П4-939/18 и можноста за спогодбено решавање и исплата на надомест на штета на лица поради неоправдана осуда доставена од Државното правобранителство на Република Македонија.

2. Даде согласност и го задолжи Државното правобранителство на Република Македонија да склучи судско порамнување пред Основниот суд Скопје 2 Скопје во судскиот предмет 19П4-939/18 по тужба на тужителите Самет Љутфији од с.Сопот Куманово, Хасан Клаиќи од с.Сопот Куманово, Сулимани Сулиман од с.Сопот Куманово, Шабан Лимани од с.Сопот, Куманово, Шаќир Сулејмани од с.Сопот, Куманово и Зенел Клаиќи од с.Сопот Куманово, сите преку полномошник Вулнет Пачуку, адвокат од Скопје за исплата на надомест на штета на лица поради неоправдана осуда за секој ден поминат во притвор, домашен притвор и затвор, по 5.500,00 денари и да ги надомести трошоците во постапката на тужителите во висина утврдена од страна на судот.

3. Се овластува државниот правобранител за подрачје Скопје, Зоран Петковски, да потпише спогодба за судско порамнување пред Основниот суд Скопје 2 Скопје во судскиот предмет број 19П4-939/18.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања и го утврди со следниве заклучоци:

1. Членот 1 од текстот на Предлог-законот да се допрецизира во следната насока:

- По исклучок од ставот 2 на овој член во случај кога трговијата се врши преку посредници или дистрибутери, даночниот обврзник фискалната сметка ја издава на дистрибутерот кој е должен да ја врачи на купувачот при плаќање на цената на доброто.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за вршење на сметководствени работи, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петровска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 4**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петревска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на I фаза - водоснабдување од проектот Јавно претпријатие Хидро систем „Злетовица“ за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, и Лозово и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од три дена да формира проектна единица составена од претставници од Кабинетот на заменикот на

претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори (претседател и член), претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (два члена), и претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија (еден член) за имплементација на планираните активности за реализација на планираната I фаза (водоснабдување) од проектот ЈПХС „Злетовица".

2. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, дава одобрение на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за реализирање на постапка за повеќегодишна јавна набавка за реализација на активностите од I фаза - водоснабдување од проектот ЈПХС „Злетовица" за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, и Лозово.

3.Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги вклучи предвидените финансиски средства во износ од 398.600.050 денари за реализација на овој проект во буџетските циклуси и тоа за 2019 година 200.000.000 денари и за 2020 година средства во износ од 198.600.050 денари.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на секои шест месеци да ја информира Владата за текот и прогресот на активностите.

**<u>Точка 7</u>**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4-времено сместување КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**<u>Точка 8</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги „Агроцентар два" ДООЕЛ Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 9

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Раде Орданов ул.„Киро Спанџов" бр.25 Кавадарци, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Македонија, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Македонија, со заклучок во текстот на Одлуката во членот 5 ставот 2 да биде дислоциран во член 4 кај основните услови за воспоставување на договор.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Регулаторна комисија за енергетика и АД „МЕР" Скопје, во рок од три дена, до Министерството за економија да достават номинации за член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем за дистрибуција на природен гас на територијата на Република Македонија.

3. Се задолжува Министерството за економија, во рок од седум дена по објавување на Одлуката, од точка 1 од овие заклучоци во „Службен весник на Република Македонија" да достави до Владата Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем за дистрибуција на природен гас на територијата на Република Македонија.

4. Се задолжува Министерството за економија да продолжи со активностите односно постапката за обезбедување можност за изградба на гасоводна мрежа во општините преку кредит од Европската банка за обнова и развој.

## Точка 11

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно

приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата во истото да се номинираат претставници од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана (по еден член и заменик-член).

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлог-законот за класифицирани информации (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана и д-р Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Нотарската тарифа за изменување на Нотарската тарифа, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Нотарската тарифа за изменување на Нотарската тарифа (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за обезбедување на средства за уредување и одржување на гробишта и гробови на паднати борци во Антифашистичката војна и другите национално ослободителни војни на Македонија погребани на територијата на Република Македонија за 2019 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2019 година, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2019 година.

## Точка 16

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог-решение (најнов текст), за наредната седница на Владата.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за покачување на платите на вработените на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжуваат стручните служби на Медицинскиот факултет во Скопје да направат пресметка и да извршат исплата на платите на сите вработени со полно работно време на Медицинскиот факултет во Скопје, зголемена за 5 проценти, почнувајќи од јануари 2019 година.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс на посебен колективен договор заради зголемување на платата на дел од вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, со текст на Анекс и Предлог-одлука и ја усвои со заклучок:

- Се овластува в.д. директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје да го потпише Анексот за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија дел за правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавецот бр. 07-2352/1 од 13.3.2009 година и бр.0101-31 од 18.3.2009 година од Самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во Република Македонија.

## Точка 19

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

## Точка 20

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата за продадено винско грозје, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Крушево.

## Точка 22

Владата го донесе новиот текст Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Галабовец-Нови Присад", Општина Прилеп, на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер „Фимар Балкан" АД Скопје, со заклучок Министерството за економија да го усогласи текстот на Одлуката и Образложението со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 23

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на акции во Трговското друштво за производство и истражување „Ларин мрамор компани" експорт-импорт АД Скопје.

## Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на удел во Друштвото за откопување, преработка и трговија со мермери „Белмар" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на мандатот на генералниот конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Чикаго, со заклучок:

- Министерството за надворешни работи да го усогласи рокот од текстот на Одлуката со рокот во Образложението на Одлуката.

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Доне Божинов" - Пробиштип, со заклучок во основот за донесување на одлуката да се додаде „„Службен весник на Република Македонија" бр.20/19" и во членот 2 зборовите „во буџетот на

Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип да се заменат со зборовите „во неговиот буџет“.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Факултетот за исламски науки - Скопје.

## Точка 29

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 10 став 2 точка 2) алинеја 3 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“, бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 129/2015, 198/2018 и 248/2018), поднесено од пратеникот Александар Кирацовски и притоа го утврди следново мислење:

Со цел да се обезбеди професионален и ефикасен систем на судска служба, во 2014 година донесен е Закон за судска служба, во кој се уредени статусот и одредени статусни прашања, правата, обврските, одговорностите, како и системот на плати и надоместоци на плати на судските службеници. Законот истовремено значи и усогласување со донесените Закон за вработените во јавниот сектор и Закон за административни службеници.

Согласно Законот за административни службеници судските службеници имаат статус на административни службеници, кои поради специфичноста на работите кои ги извршуваат во својот материјален закон одредени постапки можат да уредат на поинаков начин од утврдениот во Законот за административните службеници.

Во Главата II. Класификација на работни места на судските службеници од Законот за судска служба утврдени се категориите на работни места на судските службеници, звањата и нивоата на работни места со утврдените посебни услови за секое ниво.

Во членот 10 став (1) Од Законот за судска служба утврдени се нивоата на работни места на судските службеници во рамките на категоријата Б. Во ставот (2) од истиот член утврдени се посебните услови кои раководниот судски службеник од категоријата Б треба да ги исполни.

При тоа, во точката 1) утврдени се стручните квалификации за сите нивоа - најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, а во точката 2) утврдено е потребното работно искуство за секое од нивоата на работни места на судските службеници.

Работните места на судските службеници се класифицираат, согласно со одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и потребните стручни квалификации, општите и посебните работни компетенции и други критериуми од значење за работното место, кои се утврдени во актот за систематизација на работните места на судот.

Имајќи ги предвид спецификите на работите и работните задачи што ги извршуваат вработените во судската администрација, односно судските службеници во делот на посебните услови, предвидено е за сите нивоа на работни места одреден број на работно искуство по положен правосуден испит. При тоа, во ставот (2) точка 2) алинеја 3 за нивото Б4 како потребно работно искуство утврдено е работно искуство од најмалку четири години во струката по положен правосуден испит.

Согласно наведеното, судовите при изготвувањето на актите за систематизација на работните места и утврдувањето на посебните услови за секое работно место, истите ги усогласуваат со условите утврдени во Законот за судска служба.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на членот 10 став 2 точка 2) алинеја 3 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“, бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 129/2015, 198/2018 и 248/2018), бидејќи одредбата е јасна и прецизна.

## <u>Точка 30</u>

1) 1. Владата го именува Борче Петковски за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата ја именува Лила Пејчиновска Миладиновска, досегашен секретар на Секретаријатот за законодавство на Република Македонија за секретар на Секретаријатот за законодавство на Република Македонија и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Ванчо Петрушевски за вршител на должноста заменик на директор на Државниот испитен центар.

4. Владата ја разреши Билјана Солунческа од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница- Демир Хисар.

4.1. Владата го именува Горан Чамовски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница- Демир Хисар.

5. Владата ја именува Ема Нешковска за член на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права.

6. Владата го разреши Драган Милошев од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитрон -емисиона томографија.

6.1. Владата ја именува Даниела Костадиновска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитрон -емисиона томографија.

7. Владата на Неваип Исмаили, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата сметано од 22.1.2019 година до 22.7.2019 година.

8. Владата го разреши Александар Ружин од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

8.1. Владата го именува Никола Чачов за член на на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

9. Владата ги одложи од разгледување предлогот за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности и препораката до Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М - НАВ), за отповикување и избор на членови на Управниот одбор на Акционерско друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М - НАВ).“

2) Владата на предлог на д-р Рената Дескоска, министерка за правда, заклучи да се дополни Одлуката за формирање на Совет за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022 година), со двајца нови членови и тоа:

- Сафет Кадриу, судија во Апелационен суд и
- Селим Адеми, член на Судскиот совет на Република Македонија.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

## Точка 31

1. Во врска со доставениот допис од Амбасадата на Република Македонија во Сараево, со кој го известуваат Министерството за надворешни работи за планираните активности за одбележувањето на 15 годишнината од загинувањето на поранешниот Претседател на Република Македонија, Борис Трајковски, кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, Владата го задолжи заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, да определи двајца претставници од Владата за да присуствуваат на настанот.

2. Владата ги разгледа и ги прифати предлозите за именување на:

- Реџеп Демири, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија, во Сојузна Република Германија, со седиште во Минхен;
- Драгољуб Павловски, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Детроит;
- Дејан Ѓучиќ за генерален конзул и шеф на Канцеларијата за конзуларни, економски и трговски работи на Република Македонија во Република Грција, со седиште во Солун;
- Јордан Панев, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Тотова;
- Соња Зографска Крстевска, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Комновелтот Австралиа, со седиште во Мелбурн;
- Стојан Витанов, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Италијанската Република, со седиште во Венеција и
- Артан Аго, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Истанбул.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за располагање со недвижниот имот од Шик Јелак АД Тетово во стечај, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од недвижни ствари на другите сосопственици на деловен простор, во предложениот текст.

2. Доколку сосопствениците не ја прифатат понудата во рок од 30 дена од соопштението од подавката, продажбата на идеалниот дел да продолжи согласно член 23 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија", бр.78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018).

## Точка 33

Владата повторно ја разгледа Информацијата за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), со Предлог-одлука и Физибилити студија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), со заклучок да се преработи формулацијата во делот на соработката со Центарот за обука на пилоти.

2. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи да номинираат по еден член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во рок од три дена од денот на донесување на Одлуката.

3. Се задолжува Комисијата да го достави Јавниот повик и Тендерската документација во рок од 30 дена до Владата.

Истовремено, Владата заклучи да се предвиди можност хангарот кој го користи Министерството за внатрешни работи за одржување на воздухоплови, со опремата, да може да го користи Министерството кога ќе биде потребно.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 23:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |